Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

РЕАКТОР истражување во акција

# ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2025 ГОДИНА

# ОСВРТ НА КАНДИДАТСКИТЕ ЛИСТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ И ИЗБРАНИТЕ НОСИТЕЛИ ОД РОДОВ АСПЕКТ

ДЕКЕМВРИ, 2025



# Локални избори 2025 година
# Осврт на кандидатските листи за градоначалници и избраните носители од родов аспект

**декември 2025 година**

**Издавач:** Реактор – Истражување во акција
**За издавачот:** Тања Иванова

**Авторство**
Автор: Кире Василев

**Бесплатен/некомерцијален примерок**

Ова истражување е финансирано од Европската унија во рамки на проектот „ЛОКАЛНИ ГЛАСОВИ ЗА ДЕМОКРАТИЈА: МОЌ, ВЛИЈАНИЕ И ЕДНАКВОСТ ВО ПРАКСА" спроведуван од Реактор – Истражување во акција. Овој проект е субгрант добиен во рамки на „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2" финансиран од Европската Унија. Содржината на документот е единствена одговорност на спроведувачот на проектот и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија и на Граѓанскиот ресурсен центар.

# СОДРЖИНА

*ВОВЕД* ........ 3
*ИЗБОРЕН МОДЕЛ* ........ 3
*ИЗБОРНИ ЛИСТИ* ........ 4
ПОТВРДЕНА ЛИСТА НА КАНДИДАТКИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЧКИ / ГРУПИРАНО ПО ОПШТИНА .. 5
ПОТВРДЕНА ЛИСТА НА КАНДИДАТКИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЧКИ / ГРУПИРАНО ПО ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ........ 6
*РЕЗУЛТАТИ* ........ 7
ИЗБОР НА СОВЕТНИЦИ/ЧКИ ПО ОПШТИНА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2025 ........ 8
*СПОРЕДБА: ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2017 VS. 2021 VS. 2025 (РОДОВА ЗАСТАПЕНОСТ)* ........ 10
ИЗБРАНИ ГРАДОНАЧАЛНИЧКИ 2017 VS. 2021 VS. 2025 ........ 10
БРОЈ НА СОВЕТНИЧКИ 2017 VS. 2021 VS. 2025 ........ 11
БРОЈ НА СОВЕТНИЧКИ СПОРЕД ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА 2017 VS. 2021 VS. 2025 ........ 11
*ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА* ........ 12
*ПРЕПОРАКИ* ........ 12
ЗА ЗАКОНОДАВНАТА ВЛАСТ ........ 12
ЗА ИЗВРШНАТА ВЛАСТ ........ 12
ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ........ 13
ЗА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ........ 13

# ВОВЕД

Локалните избори во 2025 година се одржаа во исклучително сложен општествено-политички контекст, дефиниран не само од стандардната изборна кампања, туку и од загрижувачкиот подем на анти-родовите движења[1] и сѐ повидливите рестриктивни политики кои фундаментално го изменија јавниот дискурс. Оваа непријателска атмосфера придонесе за маргинализација на темите за еднакви можности на национално ниво, каде што наместо надградба на човековите права, бевме сведоци на финансиски рестрикции за институциите и граѓанските организации, блокада на законските решенија кои требаше да воспостават механизми за унапредување на еднаквоста, како и парализирање на телата задолжени за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост (2022-2027).

Системската ерозија е дополнително евидентна преку незадоволителното спроведување на Истанбулската конвенција поради недоволно финансирање и неефикасни протоколи, но и преку продлабочениот економски јаз, каде што жените остануваат значително помалку активни на пазарот на трудот во споредба со мажите, што директно ја ограничува нивната општествена моќ[2].

И покрај тоа што актуелната претседателка на државата е жена, жените и понатаму остануваат недоволно застапени во јавниот и политичкиот живот. Имено, додека во парламентот жените учествуваат со 40 отсто, нивната присутност драстично опаѓа на извршните позиции, каде држат само 3 од вкупно 23 министерски места[3], како и на локално ниво, каде од изборите во 2021 година само две од 81 општина се водени од жени. Ваквата состојба е дополнително влошена од мизогината реторика насочена кон кандидатките и општото политичко учество на жените, особено во онлајн просторот[4].

Ваквиот регресивен амбиент резултираше со видливи промени во локалните политички динамики, каде што правниот хаос околу независните листи и пасивноста на законодавниот дом само ја потврдија институционалната негрижа, па иако конечните резултати бележат минимален напредок во бројот на градоначалнички, длабинската слика открива стагнација во советите и системски пречки кои ги претворија партиите во непробојни филтри, префрлајќи ја борбата за родова рамнотежа од институциите кон граѓанскиот активизам.

# ИЗБОРЕН МОДЕЛ

Локалните избори за именување на градоначалници и општински совети во 80-те општини и Градот Скопје се спроведуваат на секои четири години[5]. Додека советниците се избираат преку пропорционален модел со затворени листи (без изборен праг), за градоначалниците се применува мнозински систем во два круга. За победа во првиот круг, кандидатот мора да освои апсолутно мнозинство, при што е задолжителна излезност од најмалку една третина од гласачите. Доколку овој цензус не се постигне, изборите се повторуваат под истите услови. Доколку цензусот е исполнет, но нема апсолутен победник, двајцата првопласирани одат во втор круг. Ако во првиот круг не гласаат најмалку една третина од запишаните избирачи, изборите за градоначалник се сметаат за неуспешни и целата постапка мора да се повтори од почеток[6]. Таков е примерот со локалните избори 2025 во општините Гостивар, Маврово и Ростуше, Врапчиште и Центар Жупа[7].

---

[1] Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, Влијанието на антиродовите движења врз родово базираното насилство, Скопје, 2022, достапно на: https://glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2022/12/Novo-Antirodovi-Dvizhena-i-RBN.pdf

[2] Европска комисија, Извештај за Северна Македонија за 2024 година, Брисел, 2024, достапно на: https://enlargement.ec.europa.eu/document/download/5f0c9185-ce46-46fc-bf44-82318ab47e88_en?filename=North%20Macedonia%20Report%202024.pdf

[3] Влада на Република Северна Македонија, Состав на Влада, достапно на: https://vlada.mk/mk-MK/vlada/sostav-na-vlada.

[4] ОБСЕ/ОДИХР Мисија за набљудување на изборите, Република Северна Македонија – Локални избори, 19 октомври 2025: Времен извештај (5 септември – 1 октомври 2025), Варшава, 3 октомври 2025. https://odihr.osce.org/sites/default/files/f/documents/6/6/598495.pdf

[5] Реактор – Истражување во акција, Локални избори 2021: Осврт на кандидатските листи за градоначалници и избраните носители од родов аспект, Скопје, 2021, достапно на: https://reactor.org.mk/wp-content/uploads/2021/11/analiza_od_rodov_aspekt_lokali_izbori.pdf.

[6] Изборен законик на Република Северна Македонија („Службен весник на РМ" бр. 40/06 и последователни измени), членови 7, 132, 133 и 134.

[7] Влада на Република Северна Македонија, *Владата именува повереници за општините Маврово-Ростуше, Гостивар, Центар Жупа и Врапчиште*, достапно на: https://vlada.mk/mk-MK/odnosi-so-javnost/soopstenija/vladata-imenuva-poverenici-za-opstinite-mavrovo-rostuse-gostivar-centar-zupa-i-vrapciste.

Во однос на родовата еднаквост, Изборниот законик наметнува обврска за 40% застапеност на помалку застапениот пол на кандидатските листи за пратеници и советници (секое трето место и едно дополнително на секои десет). За разлика од ова, за изборот на градоначалници не постојат законски утврдени родови квоти[8]. Недостатокот на квоти за избор на градоначланици/чки се пресликува во резултатите од сегашните и претходните локални изборни циклуси.

Значаен момент во правната рамка на изборите се случи во мај 2025 година, кога Уставниот суд[9], постапувајќи по иницијатива на група избирачи, ги укина одредбите од Изборниот законик со кои се условуваше учеството на независните кандидати со собирање потписи од еден процент од регистрираните гласачи. Судот оцени дека ваквата формула создава нееднакви услови во изборниот натпревар, посочувајќи дека во 37 од 80-те општини, како и во Градот Скопје, потребниот број на потписи би бил значително поголем во споредба со претходните локални избори. Оваа судска одлука создаде правна празнина која законодавниот дом не успеа да ја надмине, бидејќи иницијативата на група пратеници за измена на Изборниот законик, поднесена на 16 август, не беше усвоена во Собранието[10].

Како одговор на ваквата ситуација и неуспехот на Парламентот да го пополни правниот вакум, Државната изборна комисија (ДИК) на 17 август донесе Правилник[11] со кој пропиша услов од само два потписи за поддршка, кои требаше да се соберат во периодот од 18 август до 1 септември. Овој акт на ДИК, заедно со Упатството за постапките за поднесување и регистрирање на кандидатски листи, беа оспорени пред Уставниот суд, но обидот за нивно поништување заврши неуспешно[12].

# ИЗБОРНИ ЛИСТИ

На локалните избори за 2025 година во Македонија статистиката извлечена од потврдените листи на Државната изборна комисија открива изразена родова нееднаквост, особено во трката за градоначалничките функции, каде од вкупно 309 кандидати за градоначалници, доминантни се мажите со 277 кандидатури, додека жени се само 32. Благодарејќи на законските квоти, ситуацијата со листите за советници, подобра односно од 10.499 кандидати, 4.737 се жени[13].

| Категорија | Вкупно кандидати | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| Кандидати за градоначалници | 309 | 277 | 32 |
| Кандидати за советници | 10.499 | 5.762 | 4.737 |

Врз основа на деталната анализа на потврдените кандидатури за градоначалнички, првично беше евидентна диспропорција меѓу главните политички блокови, при што коалицијата предводена од СДСМ доминираше во понудата со 10 кандидатки, вклучително и за Градот Скопје. Наспроти ова, ВМРО-ДПМНЕ настапи со значително помал број, односно само три кандидатки, со што во фазата на кандидирање се изедначи со помалите вонпарламентарни субјекти. Меѓутоа, изборните резултати покажаа целосна спротивност на квантитетот, бидејќи ВМРО-ДПМНЕ оствари стопроцентен успех со своите номинации. Имено, иако партијата влезе во трката со далеку помал број жени, сите три кандидатки успеаја да победат,

[8] Изборен законик на Република Северна Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 40/06 и последователни измени), член 64, став 5
[9] Уставен суд на Република Северна Македонија. Одлука У.бр. 186/2024. Скопје, 20 мај 2025 година. Достапно на: https://ustavensud.mk/archives/34667.
[10] ОБСЕ/ОДИХР, Мисија за набљудување на изборите, Република Северна Македонија – Локални избори, 19 октомври 2025: *Времен извештај (5 септември – 1 октомври 2025)*, 3 октомври 2025.
[11] Државна изборна комисија (ДИК), Заклучок за ставање вон сила на Правилникот за регулирање на постапката за собирање потписи и начинот на определување на нотарите, бр. 08-563-1, Скопје, 20.02.2024, достапно на: https://drive.google.com/file/d/1ySAw9lQVzj6w4I9ptHbs33JwVVC6gCD2/view.
[12] ОБСЕ/ОДИХР, Мисија за набљудување на изборите, Република Северна Македонија – Локални избори, 19 октомври 2025: *Времен извештај (5 септември – 1 октомври 2025)*, 3 октомври 2025.
[13] Државна изборна комисија (ДИК), Листа на потврдени кандидати за Локални избори 2025, достапно на: https://candidatelist.sec.mk/LocalElectionsStatistics/.

што доведе до ситуација партијата со помалку номинации на крајот да освои поголем број градоначалнички места[14].

Значаен тренд на овие избори претставува подемот на граѓанскиот активизам, бидејќи втората најбројна групација, со вкупно шест кандидатки, не е политичка партија, туку независни групи на избирачи, следени од партијата Левица која со пет кандидатки се фокусира на урбаните центри. Географски гледано, најголема женска конкуренција се забележува во општините Центар и Прилеп каде се поднесени по три кандидатки, додека во однос на демографската структура, вклученоста на жените опфаќа широк спектар на различни генерации, од 32 до 79-годишна возраст[15].

## ПОТВРДЕНА ЛИСТА НА КАНДИДАТКИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЧКИ / ГРУПИРАНО ПО ОПШТИНА

- Битола (2)
  - ГРУПА ИЗБИРАЧИ — Габриела Илиевска (48)
  - МАКЕДОНСКА ЕРА ТРЕТА / МАКЕДОНСКИ НЕЗАВИСНИ ЛИСТИ - СУВЕРЕНИСТИ — Мирјана Мирчевски (51)
- Босилово (1)
  - Коалиција за Локални избори 2025 година (предводена од СДСМ и партнери) — Мариче Кармазиќева (48)
- Брвеница (1)
  - Коалиција за Локални избори 2025 година (предводена од СДСМ и партнери) — Светлана Митреска Анѓелкоска (32)
- Бутел (1)
  - Коалиција за Локални избори 2025 година (предводена од СДСМ и партнери) — Оливера Ливриниќ (53)
- Велес (2)
  - Политичка партија ДЕМОКРАТИ (Скопје) — Маријана Деловска (39)
  - КОАЛИЦИЈА ЗА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2025 (предводена од СДСМ) — Маја Хеско (64)
- Виница (1)
  - ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА — Биљана Илиевска (43)
- Гази Баба (1)
  - ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА — Марија Мајкиќ (79)
- Гевгелија (1)
  - ГРУПА ИЗБИРАЧИ — Магдалена Каркалашева (63)
- Град Скопје (1)
  - Коалиција за Локални избори 2025 (предводена од СДСМ и партнери) — Каја Шукова (55)
- Демир Капија (1)
  - Коалиција "ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" / ВМРО-ДПМНЕ — Наталија Димитриева (48)
- Карбинци (1)
  - Коалиција за Локални избори 2025 (предводена од СДСМ) — Љубица Соколовска (40)
- Карпош (1)
  - Коалиција за Локални избори 2025 (предводена од СДСМ) — Маја Мојсова-Мијовска (54)
  - ГРУПА ИЗБИРАЧИ (Невена Георгиевска) — Невена Георгиевска (53)
- Кисела Вода (2)
  - Група избирачи (Кети Сталеска) — Кети Сталеска (43)
  - Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ / ВМРО-ДПМНЕ (и партнери) — Бети Стаменкоска-Трајкоска (48)
- Кочани (1)
  - ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ЛЕВИЦА — Жаклина Филипова-Свеќаровска (52)

[14] Ibid.
[15] Ibid.

- Куманово (1)
    - ИСКУСТВО ЗА УСПЕХ - Либерално-демократската партија — Виолета Арсовска (61)
- Лозово (1)
    - Единствена Македонија — Светла Алексиќ (53)
- Македонска Каменица (1)
    - КОАЛИЦИЈА ЗА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2025 (СДСМ и партнери) — Соња Стаменкова (57)
- Неготино (2)
    - Политичка партија ДЕМОКРАТИ (Скопје) — Јасминка Ристова (51)
    - Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" / ВМРО-ДПМНЕ (и партнери) — Марија Нацева (39)
- Петровец (1)
    - КОАЛИЦИЈА ЗА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2025 (предводена од СДСМ) — Елизабета Зелениковска (58)
- Пехчево (1)
    - ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ЛЕВИЦА — Невенка Тренчевска (45)
- Прилеп (3)
    - Група избирачи (Павлинче Матеска) — Павлинче Матеска (51)
    - Коалиција за локални избори 2025 (предводена од СДСМ) — Петра Лукароска (57)
    - Политичка партија ДЕМОКРАТИ (Скопје) — Јасминка Стојковска (55)
- Струга (1)
    - ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ЛЕВИЦА — Јована Мојсоска (33)
- Тетово (1)
    - Политичка партија ЛЕВИЦА — Катка Божиноска (61)
- Центар (3)
    - ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ЛЕВИЦА — Марија Среброва (38)
    - Група избирачи (Билјана Ивановска) — Билјана Ивановска (61)
    - МАКЕДОНСКА ЕРА ТРЕТА — Лидија Ѓорѓевиќ (52)

## ПОТВРДЕНА ЛИСТА НА КАНДИДАТКИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЧКИ / ГРУПИРАНО ПО ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА

- ГРУПА ИЗБИРАЧИ (6)
    - Битола — Габриела Илиевска (48)
    - Гевгелија — Магдалена Каркалашева (63)
    - Карпош — Невена Георгиевска (53) *(Група избирачи "Невена Георгиевска")*
    - Кисела Вода — Кети Сталеска (43) *(Група избирачи Кети Сталеска)*
    - Прилеп — Павлинче Матеска (51) *(Група избирачи Павлинче Матеска)*
    - Центар — Билјана Ивановска (61) *(Група избирачи Билјана Ивановска)*
- МАКЕДОНСКА ЕРА ТРЕТА / (вклучува „МАКЕДОНСКА ЕРА ТРЕТА / МАКЕДОНСКИ НЕЗАВИСНИ ЛИСТИ - СУВЕРЕНИСТИ") (2)
    - Битола — Мирјана Мирчевски (51)
    - Центар — Лидија Ѓорѓевиќ (52)
- Коалиција за Локални избори 2025 година (предводена од СДСМ) / СДСМ и партнери (10)
    - Босилово — Мариче Кармазиќева (48)
    - Брвеница — Светлана Митреска Анџелкоска (32)
    - Бутел — Оливера Ливриниќ (53)
    - Карбинци — Љубица Соколовска (40)
    - Карпош — Маја Мојсова-Мијовска (54)
    - Град Скопје — Каја Шукова (55)
    - Велес — Маја Хеско (64)
    - Македонска Каменица — Соња Стаменкова (57)
    - Петровец — Елизабета Зелениковска (58)
    - Прилеп — Петра Лукароска (57)
- ВМРО-ДПМНЕ / Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" (3)

    - Демир Капија — Наталија Димитриева (48) *(носица: Коалиција "ТВОЈА МАКЕДОНИЈА")*
    - Кисела Вода — Бети Стаменкоска-Трајкоска (48)
    - Неготино — Марија Нацева (39)
- ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА (3)
    - Виница — Биљана Илиевска (43)
    - Гази Баба — Марија Мајкиќ (79)
    - Лозово — Светла Алексиќ (53)
- Политичка партија ДЕМОКРАТИ (Скопје) (3)
    - Велес — Маријана Деловска (39)
    - Неготино — Јасминка Ристова (51)
    - Прилеп — Јасминка Стојковска (55)
- ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ЛЕВИЦА / ЛЕВИЦА (5)
    - Кочани — Жаклина Филипова-Свеќаровска (52)
    - Пехчево — Невенка Тренчевска (45)
    - Струга — Јована Мојсоска (33)
    - Тетово — Катка Божиноска (61)
    - Центар — Марија Среброва (38)
- ИСКУСТВО ЗА УСПЕХ – ЛДП (1)
    - Куманово — Виолета Арсовска (61)

# РЕЗУЛТАТИ

Резултатите од локалните избори покажуваат дека вкупно четири жени успеаја да ја освојат градоначалничката функција во земјата. Од нив, само кандидатката во Кисела Вода победи уште во првиот изборен круг, додека останатите три, во општините Неготино, Македонска Каменица и Демир Капија, беа избрани по спроведувањето на вториот круг. Во однос на партиската припадност, доминираат кандидатките на ВМРО-ДПМНЕ кои освоија три градоначалнички места (Неготино, Демир Капија и Кисела Вода), додека од редовите на СДСМ беше избрана една кандидатка во Македонска Каменица[16].

Што се однесува до составите на општинските совети, од вкупно 4.737 кандидатки, советнички мандат освоија 466 жени, наспроти 841 избран советник од машки пол. Како специфичен исклучок се издвојува Општина Велес, каде е регистрирано женско мнозинство во Советот со 14 советнички наспроти 9 советници. На национално ниво, дистрибуцијата на женските советнички мандати покажува значителна предност за ВМРО-ДПМНЕ со 225 советнички, следена од СДСМ со 91 и АКИ (ДУИ) со 60. Коалицијата ВЛЕН има 38 советнички, Левица 22, движењето ЗНАМ 13, додека 12 мандати припаднале на независни советнички. Останатите места се распределени меѓу помалите политички субјекти, при што Демократската партија на Турците има 4 советнички, а по една имаат Коалицијата „Искуство за успех“, Демократската партија на Србите и Унијата на Ромите[17].

[16] Државна изборна комисија (ДИК), *Резултати од Локални избори 2025 – Градоначалници*, достапно на: https://rezultati.sec.mk/mk/mayr/r.
[17] Државна изборна комисија (ДИК), *Резултати од Локални избори 2025 – Совети*, достапно на: https://rezultati-prv.sec.mk/mk/asmb/r

## ИЗБОР НА СОВЕТНИЦИ/ЧКИ ПО ОПШТИНА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2025

| Општина | Мажи советници | Жени советнички |
|---|---|---|
| Аеродром | 18 | 9 |
| Арачиново | 11 | 4 |
| Берово | 9 | 6 |
| Битола | 20 | 11 |
| Богданци | 5 | 6 |
| Боговиње | 11 | 8 |
| Босилово | 10 | 5 |
| Брвеница | 10 | 5 |
| Бутел | 13 | 6 |
| Валандово | 8 | 7 |
| Василево | 10 | 5 |
| Вевчани | 4 | 5 |
| Велес | 9 | 14 |
| Виница | 10 | 5 |
| Врапчиште | 10 | 5 |
| Гази Баба | 15 | 12 |
| Гевгелија | 12 | 7 |
| Ѓорче Петров | 16 | 7 |
| Гостивар | 15 | 8 |
| Градско | 7 | 2 |
| Дебар | 12 | 3 |
| Дебарца | 7 | 2 |
| Делчево | 9 | 6 |
| Демир Капија | 5 | 4 |
| Демир Хисар | 5 | 6 |
| Дојран | 6 | 3 |
| Долнени | 13 | 2 |
| Желино | 11 | 4 |
| Зелениково | 5 | 4 |
| Зрновци | 5 | 4 |
| Илинден | 11 | 4 |
| Јегуновце | 6 | 5 |
| Кавадарци | 14 | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| Карбинци | 5 | 4 |
| Карпош | 17 | 10 |
| Кисела Вода | 17 | 10 |
| Кичево | 13 | 6 |
| Конче | 6 | 3 |
| Кочани | 13 | 6 |
| Кратово | 7 | 4 |
| Крива Паланка | 10 | 5 |
| Кривогаштани | 8 | 3 |
| Крушево | 8 | 3 |
| Куманово | 20 | 11 |
| Липково | 12 | 7 |
| Лозово | 5 | 4 |
| Маврово и Ростуше | 9 | 2 |
| Македонска Каменица | 6 | 5 |
| Македонски Брод | 9 | 2 |
| Могила | 7 | 4 |
| Неготино | 9 | 6 |
| Новаци | 7 | 2 |
| Ново Село | 8 | 3 |
| Охрид | 13 | 10 |
| Петровец | 8 | 3 |
| Пехчево | 6 | 3 |
| Пласница | 7 | 2 |
| Прилеп | 16 | 11 |
| Пробиштип | 10 | 5 |
| Радовиш | 10 | 9 |
| Ранковце | 5 | 4 |
| Ресен | 9 | 6 |
| Росоман | 7 | 2 |
| Сарај | 12 | 7 |
| Свети Николе | 9 | 6 |
| Сопиште | 6 | 5 |
| Старо Нагоричане | 7 | 2 |
| Струга | 15 | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| Струмица | 13 | 10 |
| Студеничани | 14 | 5 |
| Теарце | 11 | 4 |
| Тетово | 20 | 11 |
| Центар | 13 | 10 |
| Центар Жупа | 8 | 1 |
| Чаир | 17 | 10 |
| Чашка | 7 | 4 |
| Чешиново-Облешево | 9 | 2 |
| Чучер Сандево | 8 | 3 |
| Штип | 13 | 10 |
| Шуто Оризари | 15 | 4 |
| Град Скопје | 25 | 20 |
| ВКУПНО (сите општини) | 841 | 466 |
| ВКУПНО СОВЕТНИЦИ | | 1307 |

# СПОРЕДБА: ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2017 VS. 2021 VS. 2025 (РОДОВА ЗАСТАПЕНОСТ)

Споредбениот преглед на изборните циклуси од 2017, 2021 и 2025 година покажува дека зголемениот интерес на жените за кандидирање не е секогаш проследен со иста стапка на успех при конечниот избор. Додека бројот на кандидатки континуирано расте: од 15 во 2017, преку 25 во 2021, до 32 во 2025 година, бројот на избрани градоначалнички варира. Во 2017 година, со помал број номинации беа избрани шест градоначалнички во различни општини. По намалувањето во 2021 година, кога бројот се сведе на две избрани жени, во 2025 се избраа четири градоначалнички во Кисела Вода, Неготино, Македонска Каменица и Демир Капија.

## ИЗБРАНИ ГРАДОНАЧАЛНИЧКИ 2017 VS. 2021 VS. 2025

| Локални избори година | Жени кандидатки | Избрани жени градоначалнички | Процент од вкупно градоначалници |
|---|---|---|---|
| 2017[18] | 15 | 6 | ~7.4% (од 81) |
| 2021[19] | 25 | 2 | ~2.5% (од 81) |
| 2025 | 32 | 4 | ~4.9% (од 81) |

**2017 Избрани градоначалнички** во: Арачиново, Битола, Македонска Каменица, Могила, Старо Нагоричане, Тетово
**2021 година избрани градоначалнички** во: Град Скопје и Старо Нагоричане
**2025 во**: Кисела Вода, Неготино, Македонска Каменица и Демир Капија

[18] 2017, ОБСЕ/ОДИХР Мисија за набљудување на изборите, Локални избори, Конечен извештај
[19] 2021, ОБСЕ/ОДИХР Мисија за набљудување на изборите, Локални избори, Конечен извештај

## БРОЈ НА СОВЕТНИЧКИ 2017 VS. 2021 VS. 2025

Споредбената анализа на бројот на избрани советници низ последните три изборни циклуси покажува променлива динамика во застапеноста на жените, која варира и покрај законските квоти за нивно позиционирање на кандидатските листи. Ако се разгледаат апсолутните бројки, се забележува дека по првичниот раст од 2017 година, кога од вкупно 1.336 мандати жените освоија 455, следуваше највисокото ниво во 2021 година со 490 избрани советнички од вкупно 1.334 места. Сепак, овој нагорен тренд не се задржа на изборите во 2025 година, каде што паралелно со намалувањето на вкупниот број советнички места на 1.307, се намали и бројот на жени во советите на 466. Ваквите податоци укажуваат дека иако механизмот на квоти обезбедува стабилна основа од над 450 жени во локалните совети, конечниот распоред на силите зависи од бројот на освоени мандати на партиите, што резултираше со тоа бројот на советнички во 2025 година да биде помал во споредба со претходниот циклус, но сепак повисок во однос на состојбата од 2017 година.

| Метрика | Избори 2017[20] | Избори 2021[21] | Избори 2025 |
|---|---|---|---|
| Вкупно избрани советници | 1.336 | 1.334 | 1.307 |
| Вкупно избрани жени советнички | 455 | 490 | 466 |
| Процент на жени во советите | 34.06% | 36.70% | 35.66% |

## БРОЈ НА СОВЕТНИЧКИ СПОРЕД ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА 2017 VS. 2021 VS. 2025

| Политичка партија/Коалиција | Жени советнички (2017) | Жени советнички (2021) | Жени советнички (2025) |
|---|---|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ (и коалиции) | 150 | 182 | 225 |
| СДСМ (и коалиции) | 214 | 171 | 91 |
| ДУИ / АКИ | 40 | 60 | 60 |
| Левица | 1 | 14 | 22 |
| Алијанса/Алтернатива (АА/А) | 15 (АА) | 23 | н/п (види ВЛЕН) |
| БЕСА | 15 | 8 | н/п (види ВЛЕН) |
| ВЛЕН | н/п | н/п | 38 |
| ЗНАМ | н/п | н/п | 13 |
| Независни кандидати | 7 | 21 | 12 |
| ДПТМ | 3 | 3 | 4 |

[20] 2017, Ibid
[21] 2021. Ibid

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Континуираната слаба застапеност на жените на овие избори не е само правен проблем на Изборниот законик, туку е директна последица на системска и идеолошка регресија на глобално и локално ниво. Недостатокот на законски квоти за градоначалници, во комбинација со обезвреднување на клучните институционални механизми за поддршка како и подемот на анти-родовите движења и наративи, создаде политичка средина во која нема простор за родовата еднаквост. Во отсуство на законски санкции и обврски, партиите продолжија да делуваат според востановените практики, не поставувајќи ја родовата еднаквост како свој приоритет.

Иако конечниот резултат бележи мал напредок во извршната власт со изборот на четири градоначалнички (наспроти две во 2021), овој успех се чини е повеќе резултат на сплет на околности отколку на системски пристап кон родовата еднаквост. Изборите се одвиваа во амбиент каде родовите прашања беа маргинализирани или свесно избегнувани, а кампањите беа доминирани од „големите“ партиско/етнички теми. Стагнацијата во советите, и покрај заштитните квоти, покажува дека кога институциите се пасивни, а мизогината реторика е присутна во јавниот простор, дури и законските механизми ја губат својата ефективност.

Сепак, изборите открија разлика помеѓу патријархалните партиски калкулации и реалното расположение на гласачите. Случајот со градоначалничката на Македонска Каменица, е парадигматичен доказ за ова. Нејзината повторна победа, и покрај тоа што матичната партија не ја кандидираше во претходниот циклус, укажува дека електоратот може да е независен од партиските централи и е подготвен да гласа за квалитетни кандидатки. Ова, заедно со успехот на помладите кандидатки (како во Неготино), потврдува дека партиите делуваат како застарени филтри кои погрешно го читаат пулсот на јавноста, блокирајќи го потенцијалот на жените.

Во услови на институционална парализа и правен вакум, значаен тренд на отпор претставува подемот на граѓанскиот активизам. Шесте независни кандидатки за градоначалнички, иако не победија, успешно ги заобиколија машко-доминираните партиски хиерархии, користејќи ја можноста за независен настап како директен одговор на затвореноста на партиите.

Конечно, примерот на Општина Велес, каде и во ваков рестриктивен контекст е постигнато женско мнозинство во Советот, докажува дека борбата за еднаквост се префрла на локално ниво. Ова покажува дека кога централните механизми потфрлаат, силното локално женско лидерство и меѓусебната солидарност остануваат единствената ефикасна стратегија за одбрана и унапредување на политичкото учество на жените.

# ПРЕПОРАКИ

## ЗА ЗАКОНОДАВНАТА ВЛАСТ

Од суштинска важност е да се смени Изборниот законик, во кој на сличен начин како за кандидатите на изборните листи за Парламентот и Советите на општините и Град Скопје, ќе бидат воведени квоти и за изборните листи за кандидатите за градоначалници.

Трајно законско решение за независните листи, односно донесување на измени во Изборниот законик кои јасно ќе го дефинираат прагот на потписи за независни кандидати, за да се спречи повторување на хаосот од 2025 година и да се заштити оваа важна влезна точка за жените во политиката.

## ЗА ИЗВРШНАТА ВЛАСТ

Доследно спроведување на законската регулатива и воспоставување на проактивен мониторинг на мизогиниот говор и родовото вознемирување, со посебен фокус на социјалните мрежи. Ваквите мерки да бидат проследени со брзо и соодветно институционално санкционирање на говорот на омраза, со цел ефикасно сузбивање на анти-родовиот наратив во јавниот простор.

Државата да ја разгледа можноста и да предложи финансиски мерки за мотивација или санкција за политичките партии со цел да се зголеми застапеноста на кандидатките, како за градоначалнички така и на сите нивоа во изборните процеси.

Исто така, да се овозможи навремена и изработка без пречки на законите кои имаат потенцијал да ја унапредат родовата еднаквост во државата, како што се во моментот Законот за родова еднаквост,

Законот за работни односи, и Законот за заштита од вознемирување на работното место. Дополнително, по усвојувањето на ваквите закони, да се овозможи нивна непречена и доследна имплементација, како и инвестирање во јавни сервиси (градинки и центри за грижа) кои ќе го ослободат времето на жените за општествен ангажман.

## ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

Регрутирање на повеќе жени во партиите, при што е особено важно тоа да биде што порано во нивите кариери, имајќи го предвид родовиот јаз во балансирањето на професионалниот и приватниот живот и трудот на грижата кој најчесто паѓа на товар на жените.

Понатаму, воведување на посебни мерки за извршните тела на сите нивоа и во сите организациски структури на партијата, како и транспарентни и демократски процедури за избор на кандидати, со што ќе се намали влијанието на партиските патријархални филтри кои често ги блокираат квалитетните кандидатки.

Суштинска промена на политичкиот дискурс преку вклучување на родовите прашања во изборните програми и кампањи (наместо фокус исклучиво на партиско/етнички теми) и кандидирање на што повеќе жени на изборите.

## ЗА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

Континуирано следење на имплементацијата на законските одредби и на креирањето и имплементацијата на стратешките и буџетските документи за унапредување на родовата еднаквост на локално ниво.

Заедничко застапување за промена на легислативата и практиките кои водат кон родова дискриминација и го спречуваат учеството на жените во политиката. Ова вклучува и формирање и поголемо активирање на локални граѓански организации кои ќе лобираат за повисоко позиционирање на жените на листите, како и работа со медиумите за зголемување на видливоста на женските кандидатки.

Воспоставување на механизам за брза реакција и правна помош за кандидатки кои се жртви на организирани онлајн напади и дезинформации од страна на анти-родови групи.

Детална анализа и промоција на успешниот пример во Велес (женско мнозинство во совет) како модел за локално женско организирање.